РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
11 ОКТОМВРИ
Бр. 01-236/5
20.06. 2024 год.
СКОПЈЕ, ЦЕНТАР

Врз основа на член 4, член 5 ст.3 член 106, член 107 и член 127 од Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ бр.161/19 и 229/20) и член 25, член 26, член 28, член 32 и член 56 од Статутот на ООУ „11 Октомври" - Скопје, Центар бр.01-480/4 од 05.12.2019 година, како и согласно сите позитивни законски прописи (Закон за здравствена заштита, Закон за правда на децата и други правила и прописи кои директно се однесуваат на децата и нивните родители или старатели), а во согласност со Конвенцијата за права на детето, по предлог на Советот на родители при ООУ „11 Октомври" – Скопје, Центар, Училишниот одбор при ООУ „ 11 Октомври" - Скопје, Центар, на седница одржана на ден 20.06.2024 година, го донесе следниот:

# Д Е Л О В Н И К

## ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА РОДИТЕЛИТЕ

## ПРИ ООУ „11 ОКТОМВРИ"- СКОПЈЕ, ЦЕНТАР

### I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Деловник се уредува формирањето на Советот на родители, неговите надлежности и постапката и начинот на извршување на неговите надлежности, утврдени со Закон за основно образование.

Советот на родители е организиран заради остварување на интересите на учениците во основното училиште и е составен од родители или старатели на учениците, кои не се вработени во училиштето.

Член 2

Советот на родители делува во рамките на заштита на правата на децата и соработката на училиштето со родителите, заради разгледување на прашања од заеднички интерес за училиштето и учениците, како и прашања поврзани со реализацијата на процесот на воспитно-образовната работа во училиштето.

## II. ОРГАНИЗАЦИЈА НА СОВЕТОТ НА РОДИТЕЛИ И МАНДАТ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ НА РОДИТЕЛИ

Член 3

Бројот на членовите во Советот на родителите зависи од бројот на паралелките во училиштето. Во Советот на родители членува по еден Претставник од секоја паралелка на училиштето.

Претставникот во Совет на родители од секоја паралелка го избираат родителите/старателите на првиот родителски состанок на паралелката во месец Септември, односно со почетокот на учебната година, со мнозинство гласови од присутните родители/старатели при што за секој ученик се засметува по еден глас.

Покрај Претставник на паралелката во Советот на родители, на истиот родителски состанок, се избираат и уште двајца заменици на ист начин како во став 2 од овој член.

Доколку Претставникот и неговите заменици сè уште имаат мандат, на првиот родителски состанок на паралелката со почетокот на учебната година, се потврдува нивниот статус

Член 4

Мандатот на членовите на Советот на родители на училиштето е 3 години, со можност за избор од уште еден мандат од 3 (три) години.

Член 5

Членството во Советот на родители на училиштето може да престане и пред истекот на мандатот на членот, по следните основи:

- на лично барање на членот или по барање на мнозинството на родители/старатели од паралелката;
- со престанок на статусот на родител/старател на ученик во училиштето (завршување на основното образование на ученикот во училиштето или напуштање на училиштето пред завршување на основното образование заради продолжување на образованието во друго училиште, промена на старател и др.);
- отповикување од страна на мнозинството од членови на Советот на родители на училиштето по некој од следниве основи:
  - ненајавено или неоправдано отсуство од најмалку 3 (три) состаноци на Совет на родители од страна на Претставникот на паралелката или негов заменик; или
  - неизвршување на обврски и задачи како член во Советот на родители.

Член 6

Во случај на предвремено престанување на мандатот на член на Советот на родители, паралелката е должна во најкус можен рок, на родителски состанок да направи избор на нов Претставник на паралелката во Советот на родители.

Член 7

Со работата на Советот на родители раководи Претседателот на Советот на родители, а во негово отсуство Заменик претседател.

Член 8

Советот на родителите на училиштето од своите членови бира Претседател на Советот на родители, како и негов Заменик. Мандатот на Претседателот и неговиот Заменик е 3 (три) години со можност за избор на уште еден мандат од 3 (три) години.

Изборот се врши на првиот состанок при конституирање на Советот на родители на училиштето или на друг состанок доколку мандатот на Претседателот или Заменикот заврши пред истек на мандатот.

Изборот на Претседател и Заменик претседател на Советот на родители се врши со тајно гласање, при што за Претседател, односно Заменик претседател на Советот на родители се назначува член на Советот на родители, кој добил мнозинство гласови гласови од вкупниот број на членови на Советот на родители.

Доколку се јават повеќе претставници (членови на Совет на родители) и никој од нив не добил мнозинство гласови од вкупниот број членови на Совет на родители, гласањето се повторува со двајцата претставници кои имаат добиено најголем број гласови во предходниот круг на гласање.

За спроведување на изборот на Претседател и Заменик претседател на Советот на родители се составува тричлена Комисија од членовите во Советот на родители која треба да ја спроведе постапката за избор, за што изготвува и потпишува Записник.

Член 9

Претседателот и Заменик претседателот на Советот за својата работа одговараат пред Советот на родителите на училишетето.

Член 10

Претседателот на Советот на родители и/или неговиот Заменик може да се разрешат на нивно лично барање или на барање за разрешување од било кој член од Советот на родители, , при што барањето за разрешување може да се поднесе усно на Записник на состанок на Советот на родители или писмено преку електронска пошта или преку архивата на училиштето.

По добивање на Барањето за разрешување, Претседателот на Советот на родители или неговиот Заменик, се должни во рок од 15 (петнаесет) дена да закажат состанок на Советот за разгледување и гласање по однос на Барањето за разрешување. Барањето за разрешување ќе се смета за прифатено ако за него гласале мнозинство од вкупниот број на членови на Советот на родители. Гласањето по барањето за разрешување, како и во постапката за нивно именување, ќе се одвива писмено, односно со тајно гласање.

Доколку предлогот за разрешување биде усвоен , веднаш или во најкраток можен рок, се преминува кон избор на Претседател, односно негов Заменик.

Член 11

Советот на родители именува тројца свои претставници за членови во Училишниот одбор, согласно Законот за основно образование и Статутот на училиштето, со што родителите/старателите директно се вклучуваат во управувањето и во донесувањето на најважните одлуки во училиштето.

Мандатот на членот во Училишен одбор е 3 (три) години, а мандатот на претставниците на родителите е за период до завршување на основно образование на нивното дете, но не подолго од три години.

Членовите на Совет на родителите кои се избрани да бидат претставници во Училишен одбор, немаат право на повторен избор.

Член 12

Изборот на претставник во Училишниот одбор од членовите на Советот на родители, се врши непосредно и по пат на тајно гласање. За избран член во Училишниот одбор се смета кандидатот кој освоил мнозинство број на гласови од вкупниот број на членови на Советот на родители.

Доколку повеќе кандидати освојат ист најголем број на гласови или ниту еден од кандидатите не го освои минимум потребниот број на гласови, се организира следен круг на гласање со двајцата кандидатите кои имаат најголем број на гласови.

За избран член – претставник во Училишниот одбор во следниот круг се смета кандидатот кој има освоено мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Советот на родители. Доколку ниту еден од кандидатите не го освои потребното мнозинство на гласови, постапката за избор на претставник во Училишниот одбор се повторува, при што во повторениот избор, немаат право да се кандидираат членовите кои во претходниот, избор биле неуспешни во освојувањето на мнозинството на гласови од вкупниот број на членови во Советот на родители.

За спроведување на изборот на претставник во Училишниот одбор се составува тричлена Комисија од членовите во Советот на родители која треба да ја спроведе постапката за избор, за што изготвува и потпишува Записник.

Член 13

Предвремено разрешување на претставник во Училишниот одбор од Советот на родители, го врши Советот на родители кој го именувал, во постапка и начин за негово именување.

## III. НАДЛЕЖНОСТИ НА СОВЕТОТ НА РОДИТЕЛИ

Член 14

Советот на родители на училиштето ги има следните надлежности:

- дава мислење за предлог-Програмата за развој на училиштето и за Годишната програма за работа на учлиштето;

- расправа за извештајот за работата на училиштето, како и за подобрување на успехот и поведението на учениците;

- го следи остварувањето на воспитно-образовната работа на училиштето и дава мислење за истата, како и предлози за подобрување на наставата и воннаставните активности;

- разгледува предлози на Директорот на училиштето за воведување на повисоки стандардии и дава мислење и согласност за истите;

- учествува во самоевалуација на работата и постигнувањата на училиштето;

- иницира и спроведува активности за подобрување на квалитетот на училиштето, вклучувајќи помош на училиштето во организирање на јавниот и културниот живот на учениците, спортски и други манифестации, активности во врска со заштита на животната средина во училиштето и надвор од него;

- разгледува жалби на родителите/старателите во врска со воспитно-образовната работа;

- учествува во оценувањето на исполнетоста на стандардите за наставниците и стручните соработници за напредување во звањата ментор и советник;

- избира тројца претставници од своите членови за претставници во Училишниот одбор, водејќи сметка за застапеност на претставници од одделенска и од предметна настава;

- дава мислење за Програмата за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од училиштето и планот за нивна реализација;

- ги организира родителите/старателите во хуманитарни активности од најразлична природа, зависно од потребите;

- активно учествува во реализација во меѓуучилишната соработка во градот и надвор од него;

- дава предлози и мислења до Наставничкиот совет и до Училишниот одбор за други прашања што се од интерес за учениците и училиштето;

- дава мислење за исхраната на учениците во училиштето и учествува во креирањето на менито за исхрана во училишната кујна, спроведува контроли во кујната и трпезаријата за увид во квалитетот на услугата;

- ја следи состојбата со снабденост на учениците со учебници и други учебни помагала во училиштето;

- зема активно учество во совладувањето на проблемите со кои се соочуваат учениците во својот развој, пред се во превенција на девијантни појави, и тоа: сите видови на меѓувршничко насилство, користење на психотропни супстанци, алкохол, цигари и сл.;

- врши други работи и презема други активности од интерес на учениците утврдени со Законот за основно образование, Статутот на училиштето, Законот за здравствена заштита, Законот за правда на децата и други законски правила и прописи кои директно се однесуваат на децата, а во согласност со Конвенцијата за права на детето.

## IV. НАЧИН НА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА РОДИТЕЛИ

Член 15

Советот на родителите на училиштето работи на состаноци кои се реализират со физичко присуство на членовите, а по потреба и електронски, односно online преку соодветна апликација за одржување на online состаноци .

Член 16

Првото свикување на состанок на Советот на родители во септември го врши Директорот на училиштето, во рок од 15 (петнаесет) дена од одржување на родителскиот состанок на кој паралелките ги избрале своите претставници во Советот на родители.

Член 17

Состаноците на Советот на родители се одржуваат еднаш месечно, или по потреба. Состаноците ги свикува Претседателот на Совет на родители, по сопствена иницијатива, или Заменик претседателот, а состанок може да се свика и на иницијатива на Претседатателот на Училишен одбор, Директорот на училиштето, Наставничкиот совет или по барање на член на Советот на родители, како претставник на својата

паралелка и истите се должни да го обезбедат потребниот материјал за непречена работа на состанокот на Советот на родители што го иницирале.

Претседателот на Совет на родители или Заменик претседателот е должен преку електронска пошта да достави покана со дневен ред за состанокот, најмалку 3 (три) работни дена пред одржување на истиот. По исклучок, заради итност во решавање на одредени прашања, закажувањето и поканата за состанок може да се направи и во пократок рок од предвидениот.

Член 18

Членовите на Советот на родителите должни се да присуствуваат на состаноците, да земат активно учество во работата на Советот и да ја информираат паралелката што ја претставуваат за работата и заклучоците на состаноците на Советот на родители.

Член 19

На состаноците на Советот на родители се покануваат за активно присуство и Директорот на училиштето, претставници на Наставничкиот совет, стручни соработници, други вработени лица во училиштето, како и надворешни лица кои се од интерес за училиштето и учениците, и истите немаат право на глас при донесување на заклучоци и мислења на Совет на родители.

Член 20

Состаноците на Советот на родители на училиштето се јавни и на нив може да присуствуваат и други заинтересирани родители/старатели на ученици од училиштето кои може и да земат учество во дискусиите на состаноците, но истите немаат право на глас при носењето на заклучоци или избори кои се спроведуваат на состанокот на Советот на родители.

Член 21

На состанокот на Советот на родители се води Записник од страна на Записничар. Записничарот се избира од членовите на Советот на родителите на првиот состанок од учебната година, а во негово отсуство, пред почеток на состанокот се избира Записничар кој ќе води Записник за тековниот состанок.

Записникот се изготвува во рок од 10 дена по одржување на состанокот и истиот се доставува преку електронска пошта до сите членови на Советот на родители, за евентуални забелешки и дополнувања по истиот.

Финалана верзија на Записникот се доставува преку електронска пошта до сите членови на Совет на родители.

На почетокот на секој состанок се разгледува и усвојува Записникот од претходниот состанок на Совет на родители.

Записникот се потпишува од страна на Записничарот кој го водел Записникот и Претседателот на Советот на родители, односно Заменикот, во случај на негово отсуство на состанокот.

Усвоениот Записник се доставува во архивата на училиштето најдоцна 3 (три) дена од денот на одржување на состанокот на кој бил усвоен и се објавува на огласната табла на училиштето.

Усвојувањето на Записник, по потреба, може да се врши и по електронски пат, преку e-mail комуникација.

Член 22

Советот на родителите формира постојани и повремени комисии кои ќе извршуваат одделни задачи од надлежност на Советот на родители. Составот на комисиите, нивните задачи и роковите на извршување на задачите ги утврдува Советот кој ги формирал, додека роковите поврзани со постапки во објавување на огласи, ќе се утврдуваат во соработка со службите на училиштето.

Членовите на комисиите од редот на Совет на родители за својата работа се одговорни само пред Советот на родители на училиштето.

Член 23

Советот на родителите соработува и е во постојан контакт со Директорот на училиштето, стручните соработници и наставниците-одделенските раководители.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 24

Измени и дополнување на овој Деловник се вршат во постапка за донесување на Деловник, а во согласност со Законот за основно образование и Статутот на училиштето.

Иницијатива за измени и дополнувања на Деловникот може да дадат:

- родителите/старателите на учениците во училиштето,
- членовите на Советот на родителите на училиштето, или
- Училишниот одбор.

Измените и дополнувања на Деловникот се сметаат за донесени доколку за нив се изјаснат повеќе од половина од вкупниот број на членови на Советот на родители на училиштето.

Член 26

Со стапување во сила на овој Деловник, престанува да важи Деловникот за работа на Советот на родители при Основното училиште „11 Октомври" – Скопје од 31.10.2010 година.

Член 27

Овој Деловник стапува во сила од денот на донесувањето, од страна на Училишниот одбор.

Дел.бр.01-236/5

Дата: 20.06.2024

Претседател на Совет на родители

Петковска Ивана

Изготвиле:

- Петковска Ивана - Претседател на Совет на родители;
- Катерина Наумовска - Заменик претседател на Совет на родители;
- Ангел Бакев - член;
- Славица С. Кукуловска - член;
- Анета Буковалова - член;
- Росица М. Андоновкса - член.

Претседател
на Училишен одбор
Росица Младеновска Андоновска